Уметниците зборуваат за Уметничката колонија во »Тетекс« во градот под Шар

# Поддршка на текстилното уметничко творештво

**• ПРВИТЕ ВПЕЧАТОЦИ ОД УМЕТНИЧКАТА КОЛОНИЈА ГИ ИЗНЕСУВААТ МАРИЈА ЗИДАРИЌ, ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ И ЃОРЃИ ЗДРАВЕВ**

**ТЕТОВО, септември.** — Халите на Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" и објектите во локалитетот „Арабат баба теќе" деновиве широко беа отворени за уметничкото творештво на учесниците на Втората Уметничка колонија во Тетово. Познати уметници од речиси сите републики и покраини од нашата земја не само што дојдоа да разменуваат искуства од творештвото, да посетуваат историско — уметнички места во Општината, да учествуваат во дебатите по темите од симпозиумот на Колонијата, туку и амбициозно работеа на создавање на нови уметнички вредности, што впрочем беше една од главните цели на нивното собирање.

За време на траењето на Колонијата поразговаравме со тројца уметници, учесници на Колонијата, за нивните впечатоци, мислењето за содржината на Кооатлнјиток слично. Еве ги нивните искажувања:

**МАРИЈА ЗИДАРИЌ** (професор на Вишата текстилна школа во Вараждин): — Јас бев еден од оние што беа вклучени уште во разобличувањето на идејата за основање на Уметничката колонија. Појдовме од фактот дека текстилот е најстара ликовна дисциплина, за која, речено со уметнички речник, ништо не се знае, поради што дојрва ќе треба да се докажува. Колонијата прераснува во вистински центар за ликовно проучување на текстилот, во кого уметноста започнува уште од нишките, кои во уметнички живот претставуваат ликовни феномени и елемент за уметничко изразување, за да се добие од нив површина, зашто текстилот е површинска уметност. Комбинатот „Тетекс", што е покровител и организатор на оваа манифестација, е единствен во нашата земја што се зафати со овој проблем, со што станува мецена во уметничкото текстилно творештво. Овде, во овој комбинат, благодарејќи на големата умешност на дизајнерот Никола Спасовски, народниот фолклор умешно се пренесува врз текстилот, служејќи како инспирација за висококвалитетни ткаенини. Што се однесува до Колонијата, јас лично имам големи желби таа се повеќе да се докажува, надевајќи се во силите на сите нас кои непосредно учествуваме во неа. Овде во моментов работам на таписерија, што е моментно мојата најголема преокупација и ги имам сите услови успешно да ја завршам.

**ДОНЕ МИЉАНОВСКИ** (сликар од Скопје): — Пријатно сум изненаден од големото разбирање на раководните луѓе и самоуправните структури на „Тетекс" да ја организираат колонијата. Иако првпат учествувам, имам високо мислење за нејзиниот развој и успеси. Мислам дека е добро што не е комерцијализирана, а се сведува во рамки на уметноста и нејзиното унапредување. Тука успеваме македонското народно творештво да го доближиме и во другите републики. Инаку, работам на една поголема таписерија, за која ми се создадени сите услови да успеам.

**ЃОРЃИ ЗДРАВЕВ** (научен соработник — истражувач на текстилната народна орнаментика во Музејот за современа уметност во Скопје): — Како соработник, многу сум заинтересиран за оживотворување на текстилното народно творештво, да добие соодветен третман зашто претставува вистинска ризница во уменичкото изразување. Во рамките на Симпозиумот, поднесов и тема „Ткајачката традиција и современиот текстил", која сметам дека побуди интерес кај учесниците на Колонијата. Мојата цел е Колонијата да ја напуштам со изработена колекција на женски костуми.

**Г. Ефтоски**



ВЕЧЕР ☆ 3 септември 1975 година